# Анкета за кредитната активност

## трет квартал, 2016 година

Дирекција за монетарна политика и истражување

*октомври 2016 година*

I. Вовед

II. Вкупни кредитни услови кај претпријатијата и населението (остварувања)

III. Кредитни услови и фактори коишто влијаат врз нив

IV. Кредитна побарувачка кај претпријатијата и населението (остварувања)

V. Фактори коишто влијаат врз кредитната побарувачка

VI. Очекувања кај кредитните услови и побарувачката

VII. Заклучок

# I. Вовед

- Период на спроведување на Анкетата: втората половина на септември.
- Анкетата е испратена до 14 банки, при што одговори се добиени од сите банки.
- Одговорите се однесуваат на движењата на кредитните услови и побарувачката на кредити од страна на населението и претпријатијата во третиот квартал на 2016 година и очекувањата на банките за четвртиот квартал на 2016 година.
- Одговорите се засновани врз нето-проценти* изразени како разлика помеѓу песимистичките и оптимистичките согледувања на банките:
  - негативен нето-процент кај кредитните услови – **олеснување;**
  - позитивен нето-процент кај кредитните услови – **заострување;**
  - негативен нето-процент кај кредитната побарувачка – **намалување;**
  - позитивен нето-процент кај кредитната побарувачка – **зголемување.**

* Во презентацијата се коментирани нето-процентите, освен ако не е поинаку нагласено.

## *Остварувања во третиот квартал на 2016 година*

# II. Вкупни кредитни услови

## Претпријатија

▪Минимално нето-олеснување на кредитните услови за одобрување корпоративни кредити, но послабо во споредба со претходната анкета.

▪Најголемиот дел од банките укажуваат на непроменети кредитни услови во однос на претходниот квартал.

▪Ниедна банка не упатува на нето заострени кредитни услови




## Население

▪Натамошно нето-олеснување на вкупните кредитни услови, но посилно во однос на претходната анкета.

▪Ниту една банка не укажува на заострени кредитни услови кај станбените и потрошувачките кредити, наспроти 11% од банките во претходната анкета.

▪Најголемиот дел од банките и натаму укажуваат на непроменети кредитни услови.



- *Оствареното нето-олеснување кај кредитните услови на корпоративниот сектор е послабо во споредба со очекувањата на банките дадени во претходната анкета.*

- *Кај населението, оствареното нето-олеснување на кредитните услови е умерено послабо кај станбените кредити, додека кај потрошувачките кредити нето-олеснувањето е посилно.*






# III. Кредитни услови и факторите коишто делуваат врз нив

- **Кредитни услови на корпоративниот сектор**

| | Нето-процент | |
|---|---|---|
| | Кв.2 2016 | Кв.3 |
| **А) Каматна стапка на кредитите** | -49,8 | -41,2 |
| **Б) Останати услови и рокови** | | |
| **-Некаматни приходи** | -28,4 | -20,9 |
| **-Големина на заемот или на кредитната линија** | -8,9 | -9,6 |
| **-Барања за обезбедување** | -7,7 | 0,0 |
| **-Достасување на заемите** | 0,0 | -1,0 |

- **Кредитни услови на населението**

*Станбени кредити*

| | Нето-процент | |
|---|---|---|
| | Кв.2 2016 | Кв.3 |
| **А) Цена** | -1,8 | -18,7 |
| **Б) Останати услови** | | |
| **-Обврски за обезбедување** | 0,0 | 0,8 |
| **-Покриеност на кредитот со обезбедување ("loan to value" ratio)** | 0,0 | 0,8 |
| **-Достасување на заемите** | 0,0 | 0,0 |
| **-Провизии** | -27,2 | -3,7 |

*Потрошувачки кредити*

| | Нето-процент | |
|---|---|---|
| | Кв.2 2016 | Кв.3 |
| **А) Каматна стапка на кредитите** | -9,2 | -28,1 |
| **Б) Останати услови** | | |
| **-Обврски за обезбедување** | 0 | 0 |
| **-Достасување на заемите** | -1,4 | -1,4 |
| **-Некаматни приходи** | -20,2 | -9,4 |

# Фактори коишто делуваат врз кредитните услови

## Корпоративни кредити

| | Нето-процент | |
|---|---|---|
| | Кв.2 2016 | Кв.3 |
| А) Трошоци на финансиските средства и ограничувања на билансот на состојба | | |
| -Трошоци поврзани со капиталната позиција на Вашата банка | 13,5 | 6,0 |
| -Пристап на банката до пазарно финансирање (на пример, на пазарот на пари) | -4,6 | -4,6 |
| -Ликвидносната позиција на Вашата банка | -33,2 | -33,9 |
| Б) Притисок од конкуренција | | |
| -Конкуренција од другите банки | -44,0 | -35,5 |
| -Конкуренција од небанкарски сектор | 0,0 | 0,0 |
| -Конкуренција од пазарното финансирање | -2,0 | -2,0 |
| В) Согледување за ризикот | | |
| -Очекувања за вкупната економска активност | 13,0 | 36,8 |
| - Очекувања за перспективата на гранката на која припаѓа претпријатието и на перспективата на поединечните фирми | 5,6 | 23,0 |
| -Ризик од неизвршување на обезбедувањето | 19,4 | 41,0 |

## Станбени кредити

| | Нето-процент | |
|---|---|---|
| | Кв.2 2016 | Кв.3 |
| А) Трошоци на финансиските средства и ограничувања на билансот на состојба | 0,0 | 0,0 |
| Б) Притисок од конкуренција | | |
| -Конкуренција од други банки | -37,6 | -36,1 |
| В) Согледувања за ризикот | | |
| -Очекувања за вкупната економска активност | -0,8 | -12,0 |
| -Ризик од неизвршување на обезбедувањето | 25,6 | 33,3 |
| -Кредитна способност на потрошувачите | 5,4 | 9,3 |

## Потрошувачки кредити

| | Нето-процент | |
|---|---|---|
| | Кв.2 2016 | Кв.3 |
| А) Трошоци на финансиските средства и ограничувања на билансот на состојба | 1,0 | 4,0 |
| Б) Притисок од конкуренција | | |
| -Конкуренција од другите банки | -54,7 | -49,5 |
| В) Согледувања за ризикот | | |
| -Очекувања за вкупната економска активност | 7,6 | -3,6 |
| -Ризик од неизвршување на обезбедувањето | 36,6 | 25,8 |
| - Кредитна способност на потрошувачите | 13,4 | 4,4 |

# IV. Кредитна побарувачка

## Претпријатија

- Нето-зголемување на вкупната побарувачка на корпоративните кредити, наспроти нето-намалувањето во претходното тримесечје...
- ...како резултат на поголемиот процент на банките коишто укажуваат на делумно зголемена побарувачка на сите типови корпоративни кредити...
- ...при истовремено помал процент на банките коишто ја оценуваат побарувачката како делумно намалена.

## Население

- Мало нето-намалување на вкупната побарувачка, наспроти малото нето-зголемување во претходната анкета...
- ...главно како резултат на нето-намалувањето на побарувачката на потрошувачките кредити (наспроти малото нето-зголемување во претходната анкета) и на останатите кредити...
- ...при мало нето-зголемување на побарувачката на станбените кредити, наспроти умереното нето-намалување во претходната анкета.






•Оствареното нето-зголемување на вкупната побарувачка кај корпоративниот сектор е во рамки на очекувањата на банките дадени во претходната анкета.

•Кај населението, оствареното нето-зголемување на побарувачката на станбените кредити и нето-намалувањето на побарувачката на потрошувачките кредити е послабо од очекуваниот раст за третиот квартал, согласно со претходната анкета.






# V. Фактори коишто делуваат врз побарувачката на...

## Корпоративни кредити

| | Нето-процент | |
|---|---|---|
| | Кв.2 2016 | Кв.3 |
| А) Потреби од финансирање | | |
| - Инвестиции во основни средства | -11 | 19,5 |
| -Инвестиции во залихи и обртен капитал | 24,7 | 49,6 |
| -Преструктурирање на долгот | 5,2 | 39,3 |
| Б) Употреба на алтернативно финансирање | | |
| -Интерно финансирање | 0,0 | 1,0 |
| -Заеми од останати банки | -7,5 | 2,0 |
| -Издавање сопствени хартии од вредност | 0,0 | 0,0 |

## Станбени кредити

| | Нето-процент | |
|---|---|---|
| | Кв.2 2016 | Кв.3 |
| А) Потреби за финансирање | | |
| - Перспективи на пазарот за станбена изградба | 31,6 | 42,7 |
| -Доверба на потрошувачите | 33,8 | 33,9 |
| -Трошоци на потрошувачите коишто не се поврзани за домувањето | 1,6 | 1,2 |
| Б) Употреба на алтернативно финансирање | | |
| -Заштеди на населението | 24,4 | 23,6 |
| -Кредити од останатите банки | -30 | -24,4 |
| - Останати извори на финансирање | 3,0 | -10,7 |

## Потрошувачки кредити

| | Нето-процент | |
|---|---|---|
| | Кв.2 2016 | Кв.3 |
| А) Потреби за финансирање | | |
| - Трошење за трајни добра како што се: автомобили, мебел и сл. | 0,4 | 3,5 |
| -Доверба на потрошувачите | 23,2 | 23,3 |
| Б) Употреба на алтернативи за финансирање | | |
| -Заштеди на населението | 0,0 | 0,0 |
| -Кредити од останати банки | -1,8 | -12,5 |
| -Останати извори на финансирање | 0,0 | 0,4 |

## *Очекувања за четвртиот квартал на 2016 година*

# VI. Кредитни услови и побарувачка – очекувања

Кај „ корпоративниот сектор“ :

•Задржување на динамиката на нето-олеснување на вкупните кредитни услови, при нето-зголемување на побарувачката на корпоративните кредити, но посилно во однос на очекувањата од претходната анкета.

Кај секторот „население“:

•Натамошно, умерено нето-олеснување на вкупните кредитни услови, но умерено посилно во споредба со претходните очекувања, при нето-зголемување на побарувачката на кредитите.






# VII. ЗАКЛУЧОК

**Кредитни услови**

- Натамошно нето-олеснување на кредитните услови, но послабо кај секторот „претпријатија" во однос на претходната анкета.

**Побарувачка**

- Нето-зголемување на корпоративните кредити и станбените кредити, при мало нето-намалување на побарувачката на потрошувачките кредити.

**Очекувања за четвртиот квартал**

- Натамошно нето-олеснување на условите за одобрување кредити кај двата сектора, во услови на понатамошно нето-зголемување на кредитната побарувачка за сите типови кредити.